РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-5

Скопје 09.04.2021г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: Агенција за електронски комуникации**

**Предмет: Информација во врска со доставена претставка**

Почитувани,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по електронски пат беше доставена Претставка (наш бр.03-5 од 31.03.2021 година) од страна на Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО Скопје. Во истата е наведено дека извесно физичко лице преку компанијата „Live IPTV Channels“, која ја рекламира на огласувачот Пазар 3 нуди услуги на крајни корисници поврзани со пристап до програмски сервиси. Во регистарот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи што го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема евидентирано оператор со назив „Live IPTV Channels“. Поради ова се отвари сомнеж дека овој субјект бесправно нуди услуги во кои се инкорпорирани авторски и сродни права што претставува кривично дело, па поради тоа Агенцијата ја препрати претставката до Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал и до Координативното тело за интелектуална сопственост.

Ви ја доставуваме оваа информација со цел преземање на дополнителни дејствија за санкционирање на овој субјект, доколку за АЕК со постојните законски прописи се предвидени такви надлежности.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Прилог: (1):

-Претставка (наш бр.03-5 од 31.03.2021 година)

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 31.03.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 03 | 5 | | |

Друштво за телекомуникации и услуги
НЕОТЕЛ ДОО извоз-увоз
Бр. 0306-413/1
31.03 2021 год.
СКОПЈЕ

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА

**Подносител – Име и презиме**

| Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО Скопје |
|---|

**Податоци за контакт: Поштенска адреса/електронска адреса и/или телефонски број** (за доставување одговор)

| [illegible] |
|---|

**Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата** (радио, телевизија, оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, печатен медиум)

**- Live IP TV Channels**

https://www.pazar3.mk/oglas/elektronika/tv-fotografija-dvd-satelitska/servis-za-tv-fotoaparati-dvd-satelit/se-prodava/skopje/karpos/najstabilen-iptv-so-top-kvalitet-i-327-000-kanali/3305827

https://www.liveip.tv/channels

**Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата**

| Од 31.03.2021 - / |
|---|

**Опис**

(Подетално образложете на што точно се однесува Вашата реакција)

Компанијата „ Live IP TV Channels " не е ниту лиценциран оператор согласно членот 56 од ЗАВМУ и не е содржана во регистарот на даватели на такви услуги согласно членот 57 од истиот закон, така што давањето на такви услуги е строго забрането.

Согласно член 143 став 1 (1) Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права.

Бидејќи тие програми се нерегистрирани на територијата на РСМ, ја поднесуваме оваа претставка против компанијата „ Live IP TV Channels " цел да постапите согласно законот за прекин на давање на вакви услуги како не би се создавала нелојална конкуренција кон регуларните оператори.

Компанијата „ Live IP TV Channels " не е ниту лиценциран оператор согласно членот 56 од ЗАВМУ и не е содржана во регистарот на даватели на такви услуги согласно членот 57 од истиот закон, така што давањето на такви услуги е строго забрането.

**Датум и место на поднесување**

| 31.03.2021 |
|---|

**Потпис на подносителот**

Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО Скопје

**Ви благодариме!**